Република Македонија
Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги - СКОПЈЕ

| Примено: 30.09.2016 | | | |
|---|---|---|---|
| Орг. единица | Број | Прилог | Вредност |
| 03 | 4665 | 1 | |

15:28

**До:**
**д-р Зоран Трајчевски, директор**
**Агенција за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги**

Врз основа на член 196-г и член 196-ѓ од Изборниот законик („Службен весник на Република Македонија" бр.40/06, 136/08, 148/08, 155/08, 163/08, 44/11, 51/11, 142/12, 31/13, 34/13, 14/14, 30/14, 196/15, 35/16, 97/16, 99/16, 136/16 и 142/16), а во врска со Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, бр.10-4601/1 од 27.09.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, доставува:

# ПРЕДЛОГ
## за неизрекување мерка

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, бр.10-4601/1 од 27.09.2016 година, емитуван во периодот од 12 до 21 септември 2016 година.

Предмет на извршениот надзор (мониторинг) се член 75 став 1 и член 75-б од Изборниот законик (кои согласно член 196-в од Изборниот законик, се применуваат 100 дена пред денот на одржување на предвремените избори за пратеници во Собранието на Република Македонија, кои ќе се одржат во 2016 година).

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, бр.10-4601/1 од 27.09.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување, предлага да не се преземе мерка.

## Образложение

До Привремената комисија за следење на медиумско претставување на 27.09.2016 година доставен е Писмен извештај за извршен надзор (мониторинг) на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, бр.10-4601/1 од 27.09.2016 година, емитуван во периодот од 12 до 21 септември 2016 година.

По разгледување на Писмениот извештај за извршен надзор (мониторинг) бр.10-4601/1 од 27.09.2016 година, Привремената комисија за следење на медиумско претставување констатираше дека на програмскиот сервис на Трговското радиодифузно друштво Радио КАНАЛ 77 ДООЕЛ Штип, во периодот од 12 до 21 септември 2016 година, не е регистрирано централно издание на дневно-информативна емисија, кое би било предмет на мониторинг согласно Методологијата, поради што се предлага да не се презема мерка.

**Членови на Привремената комисија за следење на медиумско претставување:**

1. Слаѓана Димишкова ____________
2. Љубомир Костовски ____________
3. Горан Трпеноски ____________
4. Цветин Чилиманов ____________
5. Љуљзим Хазири ____________